## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2019), Министерството за економија објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
За кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија

1. **Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на 75% од трошоците за реализација на проекти на занаетчиските комори кои се однесуваат на развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија. Финансиската поддршка се однесува за следните видови на проекти:
   - Унапредување и поттикнување на продуктивноста и конкурентноста кај вршителите на занаетчиска дејност, (организирање на обуки за поединечни занаетчиски дејности, поттикнување на креативни занаети и сл.);
   - Унапредување на веб платформата на Занаетчиската комора на РМ- „Занаетчиски регистар" преку која ќе се овозможи на вршители на занаетчиска дејност да го промовираат својот бизнис; и
   - Јакнење на свеста за придобивките од легализација на занаетчискиот бизнис (анализа за законската регулатива во делот на придобивките и трошоците за регистрација на занаетчиски бизнис и издавање на брошура).

   Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година дел II област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, мерка 1. Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и занаетчиството во Република Македонија подмерка 1.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2019) предвидени се средства во износ од 1.500.000 денари.
   Максималниот износ за кофинансирање на трошоците по проект изнесува 300.000 денари.

2. **Право на учество на јавниот повик** имаат занаетчиските комори регистрирани согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија" бр. 215/2015) и кои имаат добиено јавни овластувања од Министерството за економија.

3. **Потребни документи за пријавување:**
   - Образец „Барање - ПЗК 2019“;*(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);*
   - Образец „Проект - ПЗК 2019“;*(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);*
   - Образец „Изјава – ПЗК 2019“, заверена на нотар *(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);*
   - Решение за регистрација;
   - Статут на занаетчиската комората;
   - Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 (три) месеци;
   - Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и придонеси не постаро од 3 (три) месеци.

4. **Критериуми за оценување на проектите**:

1. Проект - 50 бода

| | |
|---|---|
| 1.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и колку е соодветно определена; | 10 |
| 1.2. Колку се понудени квалитетни и иновативни решенија во проектот; | 5 |
| 1.3 Колку е обезбедена вклученост на други институции и организации за реализација на проектот; | 5 |
| 1.4. Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив; | 10 |
| 1.5. Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории и позиции соодветствува со пазарните цени); | 10 |
| 1.6. Колку е учеството на апликантот за проектот | 10 |

2. Организациска структура и ресурси – 40 бода

| | |
|---|---|
| 2.1. Дали апликантот имаат потребни човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 2.2. Стручни лица кои учествуваат во спроведување на проектот (работна биографија на лицата кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот) | 30 |

3. Референтна листа на проекти – 10 бода

| | |
|---|---|
| 3.1. Референтна листа на проекти | 10 |

**5. Начин и рок на доставување на барањата**

Барањата заедно со потребната документација се доставува во оригинал или копија во затворен плик до Архивата на Министерство за економија, ул. "Јуриј Гагарин" 15, Скопје, секој работен ден од 9:00 -15:00 часот.

На пликот треба да стои :
**До Министерство за економија**
**За Јавниот повик за кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија** со назнака **„НЕ ОТВАРАЈ“.**

Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.

Еден апликант може да аплицира само со еден проект по овој јавен повик.

Напомена: Барањата по истекот на предвидениот рок немаат да бидат предмет на разгледување од страна на Комисијата односно истите ќе бидат отфрлени како некомплетни. Доставените прилози не се враќаат.

Барањата за кофинансирање на проекти ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.
Комисијата го задржува правото доколку има потреба да побара дополнителни документи.

Крајниот рок за аплицирање по овој јавен повик е до 31.05.2019 година.
Апликациите кои ќе пристигнат по завршувањето на рокот за аплицирање нема да бидат разгледувани.

Трошоци кои нема да бидат предмет на поддршка:

- трошоци за репрезентација (ручек, коктели),
- сметки за комуналии (струја, вода, греење)
- телефон и интернет.

Апликантите учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите на овој јавен повик. Барањата кои ќе ги одобри Комисијата, ќе склучат договор за реализација на проект со министерството за економија.
Јавниот повик е објавен на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk.
Покрај горенаведените документи, апликантот треба да достави и уплатница за платена административни такса согласно Законот за административни такси и тоа: .
**Уплатница на износ од 50,00 денари**
Цел на дознака: Уплата на административна такса,
Назив и седиште на примач: Трезорска сметка,
Банка на примач: Народна банка на Република Македонија,
Трезорска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка: 840 _____ (во зависност од општината) 03161,
Приходна шифра и програма: 722313 00 ).